# Дневна хемеротека за *21.12.2015г.*

## МИА – *Македонија и Грција ќе ги заштитуваат речните сливови*

ПОНЕДЕЛНИК, 21 ДЕКЕМВРИ 2015, 10:41:38

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија | Македонија и Грција ќе соработуваат во заштитата на речните сливови

### Македонија и Грција ќе соработуваат во заштитата на речните сливови

Препорачај 0

петок, 18 декември 2015 15:54



**Скопје, 18 декември 2015 (МИА)** - Одржани трети експертски консултации меѓу Македонија и Грција во Специјалниот секретаријат за води во рамките на Министерството за животна средина, енергетика и климатски промени.

На денешната средба во Атина македонската страна беше претставена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Како што соопшти Министерството, за време на билатералната средба двете делегации повторно изразиле волја за меѓусебна соработка во областа на заштитата на животната средина во меѓуграничните подрачја, како и подрачјата за управување со речни сливови кои ги зафаќаат териториите на двете земји.

Во фокусот на консултациите биле речниот слив на реката Вардар и Дојранското Езеро, при што биле разгледани можностите за заедничко учество и настап пред ЕУ фондовите за финасирање на проекти од секторите за заштита на водите и унапредување на природното наследство. Исто така, било разговарано и за размена на податоци и информации од областа на биодиверзитетот. **аа/пар/15:54**

## Вечер - *Македонија и Грција ќе ги заштитуваат речните сливови*

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА LIFE КУЛТУРА ЗАБ

СОРАБОТКА

# Македонија и Грција ќе ги заштитуваат речните сливови

**Одржани трети експертски консултации меѓу Македонија и Грција во Специјалниот секретаријат за води во рамките на Министерството за животна средина, енергетика и климатски промени.**



На денешната средба во Атина македонската страна беше претставена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Како што соопшти Министерството, за време на билатералната средба двете делегации повторно изразиле волја за меѓусебна соработка во областа на заштитата на животната средина во меѓуграничните подрачја, како и подрачјата за управување со речни сливови кои ги зафаќаат териториите на двете земји.

Во фокусот на консултациите биле речниот слив на реката Вардар и Дојранското Езеро, при што биле разгледани можностите за заедничко учество и настап пред ЕУ фондовите за финасирање на проекти од секторите за заштита на водите и унапредување на природното наследство. Исто така, било разговарано и за размена на податоци и информации од областа на биодиверзитетот.

## Канал5 - *Македонија и Грција ќе соработуваат во заштитата на речните сливови*

Одржани трети експертски консултации меѓу Македонија и Грција во Специјалниот секретаријат за води во рамките на Министерството за животна средина, енергетика и климатски промени. На денешната средба во Атина македонската страна беше претставена од ...

## Локално - *Македонија и Грција ќе соработуваат во заштитата на речните сливови*

Одржани трети експертски консултации меѓу Македонија и Грција во Специјалниот секретаријат за води во рамките на Министерството за животна средина, енергетика и климатски промени. На денешната средба во Атина македонската страна беше претставена од .

## +инфо - *Македонија и Грција ќе соработуваат во заштитата на речните сливови*

Грција и Македонија изразија волја за меѓусебна соработка во областа на заштитата на животната средина во меѓуграничните подрачја, како и подрачјата за управување со речни сливови кои ги зафаќаат териториите на двете земји, било заклучено на

## Утрински - ФОТО: Скопјани бараат воздух, веднаш!

Утрински весник

### ФОТО: СКОПЈАНИ БАРААТ ВОЗДУХ, ВЕДНАШ!




**Стотина граѓани со транспаренти и гас-маски протестираа пред просториите на Град Скопје барајќи оставка од градоначалникот Коце Трајановски поради големото загадување**

**Билјана Ангеловска**

**ФОТО: Андреј Гиновски**

Неколку стотици скопјани се собраа денеска на мирен протест пред просториите на Град Скопје за да го искажат револтот и загриженоста од алармантното загадување на воздухот за чие намалување никој од надлежните не презема никакви конкретни чекори. Со евидентно зголемено присуство на полиција распоредена околу, но и во дворот на бараките на Град Скопје во Градски парк, граѓаните „вооружени“ со транспаренти и гас-маски и во придружба на музика, се обидоа да го привлечат вниманието на надлежните градски органи и да ги „разбудат“ од инертноста во однос на проблемот со загадениот воздух.

„Филтри наместо финти", „Сакам Дедо Мраз да ми донесе воздух", „Стоп смог сега" им порачаа скопјани на одговорните и ги прашаа „Имате ли план?", „Вие и вашите деца дишете друг воздух?"

„Скопје има загаден воздух повеќе од 200 дена во текот на годината. Алармот го вклучивме точно пред два месеца во Аеродром, но досега сите н` игнорираат, никој не покажува ни најмал интерес да н` чуе или да контактира со нас. Денеска четворица граѓани ќе починат поради загадениот воздух, а на годишно ниво бројот на починати е речиси 1.400, што е алармантна бројка која допрва ќе се зголемува. Ние сме лути на општеството и ги повикуваме сите надлежни институции и поединци да изнајдат мерки да се спречи загадувањето на воздухот. А, мерки има, и краткорочни и долгорочни, и ако сакаат, можат да ги применат уште денеска, веднаш", рече Мерима Кондов, граѓанка од Аеродром, која, како што појасни, веќе два месеца безуспешно се обидува да допре до некој надлежен во Општина Аеродром, но оти никој не покажал никаков интерес за проблемот.




Таа рече дека овој протест пред канцеларијата на градоначалникот Коце Трајановски е за Скопје, но оти следната недела ќе има голем, масовен протест пред Владата на кој ќе бидат присутни граѓани од Скопје, Тетово, од Битола, Кавадарци, Велес... Оти загадувањето е големо во цела држава. Во 2014 година концентрацијата на честички ПМ 10 во воздухот била надмината секаде каде што тие се мерат во Македонија, освен во

Лазарополе, а „шампиони“ во Скопје се граѓаните на Аеродром и Лисиче, кои повеќе од 200 дена дишеле енормно загаден воздух.

„Истече времето за состаноци, дебати, анализи, мерења, истражувања. Сакаме чист воздух сега и овде! Нам ни е ускратено загарантираното уставно право на здрава животна средина“, беше речено на протестот од каде што беше упатена и порака до Македонската телевизија да известува за загадувањето во Скопје и во Тетово, а не за Пекинг, оти МРТ е македонски, а не кинески јавен сервис.



„Да го потпишеме референдумот за животот. Да престане узурпацијата на Водно, да запре сечата на дрвјата, да се забрани употребата на возилата што користат нееколошки горива, да се проверат филтрите во фабриките. Скопје итно да се гасифицира, да се субвенционира јавниот превоз, греењето...“, побараа демонстрантите констатирајќи дека Владата ја става економијата пред екологијата, па прашаа каде е да ги штити интересите на граѓаните.

А, бидејќи градоначалникот на Скопје исече повеќе од 2.000 дрвја низ градот со што им го одзеде кислородот на скопјани, тие побараа оставка од Трајановски. Нив, како што рекоа, не ги интересира кој загадува, туку кој ќе го спречи загадувањето. „Доста е молк и занимавање со минатото, сега е моментот да се грижиме за сегашноста и за иднината. Крајно време е да се

спречат трујачите, а тоа е законска обврска и должност на надлежните градски и државни институции и поединци", беше речено на вчерашниот протест за чист воздух во Скопје.






# Утрински - [СДСМ бара конкретни мерки за намалување на загаденоста]

Утрински весник

## СДСМ БАРА КОНКРЕТНИ МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДЕНОСТА




Опозицискиот Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) денеска побара надлежните институции да спроведат конкретни мерки за намалување на загадувањето на воздухот.

Пеце Мирчески, претседател на Комисијата за животна средина во СДСМ, на прес-конференција рече дека власта во изминатите десет години не понудила решение за проблемот со загадувањето.

Со мерките што ги предлага СДСМ, посочи Мирчески, се бара да се воведе субвенција за билетите во јавниот превоз која ќе важи за сите во зимските месеци и да се подготви стратегија за вклучување поголем број домаќинства на системите на централно греење во поголемите градови, каде загаденоста е на високо ниво, и тоа да биде субвенционирано од Владата.

Мерките што ги предлага СДСМ предвидуваат да се воведат грантови за инсталирани соларни панели, за изолација на објекти и за инсталација на енергетски ефикасни апарати, град Скопје итно да забрани сеча на дрва и да започне со санирање на сите уништени зелени површини, како и да се задолжат инспекторите за животна средина да ги посетат субјектите кои вршат промена на масло на возилата за да проверат како се постапува со искористеното масло, дали соодветно се складира и предава или се користи за греење.
СДСМ бара Владата итно да предложи, а Собранието да изгласа одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите на Буџетот, со која тројно ќе се зголемат средствата во Министерството за животна средина и просторно планирање во делот на заштита на животната средина, информира Мирчески.

## 24 Вести - *Скопјани на протест против аерозагадувањето*

Неколку стотини граѓани се собраа пред седиштето на Град Скопје да го изразат револтот од високото количество на штетни материи во воздухот.Граѓаните пристигнуваа со заштитни маски кои најчесто ги користат во вечерните часови кога загадувањето е ...

## Телма - *Протест против загадениот воздух- стоп на сечењето дрвја*

Ние обичните луѓе не сакаме да се замараме кој ни го загадил воздухот повеке,туку кој ке не спаси. Прашањето не е кој не труе, туку кој е тој што што треба да ги спречи трујачите. Ве молиме спасете не од загадување денес и за навек.

## Позитив.мк - *Скопјани на протест побараа чист воздух*

Стотина граѓани денес одржаа мирен протест за превземање на итни мерки за загадувањето на воздухот кое подолго време е неколку пати над дозволеното, но нема реална акција за подобрување на состојбата ниту идеја како да се реши овој огромен проблем ...

## Бриф - *Протест против загадувањето – Скопје стана како Пекинг*

Неколку стотини граѓани, во организација на неколку невладини организации за екологија, денеска на пладне излегоа на протест против загадувањето на воздухот пред бараките на Град Скопје во Градскиот Парк.

## Р.С.Европа - *Протест против загадувањето - Скопје стана како Пекинг*

Неколку стотини граѓани, во организација на неколку невладини организации за екологија, денеска на пладне излегоа на протест против загадувањето на воздухот пред бараките на Град Скопје во Градскиот Парк

## Almakos - Nuk merret frymë” – protestë e shkupjanëve për shkak të ajrit të ndotur

almakos

# Nuk merret frymë” – protestë e shkupjanëve për shkak të ajrit të ndotur

2015/12/20 16:08

Shpërndaje në Facebook | Cicëroje në Twitter




Me moton "Nuk merret frymë" sot pasdite para selisë së Qytetit të Shkupit qytetarë nga kryeqyteti u tubuan në protestë për shkak të ndotjes së vazhdueshme të ajrit dhe koncetrimit të lartë të qelizave PM 10.

Pjesëmarrësit në protestë kërkojnë që autoritetet kompetente të ndërmarrin masa kundër shkaktarëve të ndotjes së ajrit. Kërkesat e tyre janë të ndalet shfrytëzimi i gomave të automobilit si derivate në prodhim, të instalohen filtra në kapacitetet industriale, të fillohet me gazifikimin të Shkupit dhe të ndërpritet me prerjen e drunjve.

Gjatë ditëve të kaluara protesta kundër ndotjes mbajtën edhe qytetarët e Tetovës.

## Tetova Sot - Gjendja alarmante e helmimit të ajrit në Pollog

# Gjendja alarmante e helmimit të ajrit në Pollog



20/12/2015

Abdulla Mehmeti

Nga të dhënat e Bankës Botërore, të prezantuara publikisht edhe nga përfaqësuesit e partisë opozitare LSDM, në Maqedoni janë evidentuar mbi 1.350 raste tragjike (vdekje të njerëzve) si pasojë e helmimit të ajrit!

Nga këto raste, sigurisht mbi gjysma e këtyre viktimave janë shqiptarë, duke marrë parasysh nivelin e lartë të helmimit në vendbanimet me shumicë të popullsisë shqiptare, në Tetovë, Shkup, Kërçovë, Manastir. Megjithëse helmimi nuk njeh komb, fe, përkatësi gjinore, orientim partiak dhe tjetër përkatësi.

A ka nevojë ende të bëhen pazare me fatin e njerëzve, se kush çka duhet të ndërmerr? Kush mban përgjegjësi më tepër, e kush më pak? Të gjithë jemi pjesëmarrës në këtë krim, nëse nuk e ngremë zërin fuqishëm kundër kësaj mortaje.

Nëse edhe më tej heshtim, numri i viktimave nga helmimi i ajrit do të jetë alarmant, siç është rasti me rritjen mbi 100% e numrit të pacientëve me simptome të kancerit, vetëm brenda një viti.

Asnjë nga këto raste tragjike deri më tani nuk është raportuar nga organet kompetente shëndetësore, si pasojë e helmimit të ajrit. Kjo është politika zyrtare e vendit, të cilën e mbështesim ne dhe nuk kemi guxuar t'ia tregojmë ku e ka vendin!

Së pari ta mbyllim Jugohromin, helmuesin më të madh, pastaj radha u vjen edhe helmuesve të tjerë!

## Tetova Sot - *Izairi mbështetë protestat, premton zgjidhje të problemit*

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Izairi mbështetë protestat, premton zgjidhje të problemit



19/12/2015

Pas protestës masive të qytetarëve të Tetovës dhe ultimatumit për vendosjen e filtrave në Jugohrom, ministri i ekologjisë Nurhan Izairi tha për Alsat M se i mbështet përpjekjet e qytetarëve dhe OJQ-ve. Izairi madje premtoi se brenda dy ditëve Qeveria do të mblidhet për të diskutuar këtë çështje.

"Ashtu si çdo herë që i kam përkrah do vazhdoj ti përkrahi krejt përpjekjet e qytetarëve dhe organizatave jo-qeveritare në qëllimet e tyre të mira. I përkrahi dhe i përshëndes sepse i llogaris si një përkrahje edhe për punën time që bëj për angazhimin tim rreth zgjidhjes së problemit të ndotjes. Dje në komisionin ka kaluar informata për Jugokromin dhe pritet shpejtë në mbledhje të qeverisë të debatohet për këtë çështje dhe do ndodh brenda dy tre ditëve. Unë pres që të merret vendim i qëndrueshëm sepse ai deri tani nuk ka vepruar sipas asaj që i ka dhënë qeveria, praktikisht për gjatë muajt e parë nuk ka ndërmarr asgjë", tha Nurhan Izairi, ministër i ekologjisë.

Kreu i Këshillit Komunal të Tetovës Hisen Xhemaili tha se kanë ndërmarrë të gjitha masat për të ulur nivelin e ndotjes së ajrit. Xhemaili ndërkohë tha se politikat e Komunës nuk i ndërtojnë në bazë të ultimatumeve të OJQ-ve.

"Vitin e kaluar kemi miratuar vendim për krijimin e dy ndërmarrjeve që do ndikojnë edhe në efektet ekologjike në Tetovë. Ndërsa sa i takon heqjes së deponisë që përmendet, unë me përgjegjësinë më të plotë po them që në komunën e Tetovës nuk ka deponi të tillë ndërsa për momentin punohet në ndërtimin e një stacioni për transfer të mbeturinave. Ne në mbledhjen e radhës të këshillit do caktojmë lokacionin ku do

ndërtohet një stacion për ngarkim shkarkim të mbeturinave. Do jetë një stacion i mbyllur me leje ekologjike dhe me zero ndotje", tha Hisen Xhemaili, Kryetar i Këshillit Komunal të Tetovës.

"Ndërkohë pas kërkesave të djeshme të protestuesve, një reagim ka ardhur edhe nga BDI-ja si pjesë e qeverisë për kërkesat që iu drejtuan edhe kësaj partie, ku thuhet se, për shkak të dallimeve të ekspertëve nëse vetëm Jugokromi është ndotësi më i madh në Tetovë, ata kërkojnë nga Jugokromi gjegjësisht nga Qeveria që të mbyll edhe dy furrat tjera të Jugokromit pas mbylljes së shtatë të parave , dhe të bëhet një analizë konkrete nëse vetëm Jugokromi ndot apo edhe tjerët dhe kush janë ata, pas të cilës do vendoset se si do veprohet më tutje".

Pas protestave masive të qytetarëve të Tetovës, BDI ka thirrur për të hënë mbledhjen e kryesisë së partisë për të diskutuar mbi ultimatumin e OJQ-ve që deri më 25 dhjetor të mbyllet ndotësi më i madh në Pollog, Jugohromi./Alsat-M/

## Вечер - *Новогодишни честитки за чист воздух во 2016*

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА

ИНСТИТУТОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ И ЕКО СВЕСТ

# Новогодишни честитки за чист воздух во 201

21 декември 2015 - 08:56 Like Share 0 Twee

**Институтот за јавно здравје и Центарот за истражување и информирање за животната средина - Еко свест ќе испратат 300 новогодишни честитки до донесувачите на одлуките, градоначалниците и потенцијалните аерозагадувачи во земјата.**



Целта на акцијата е подигање на свеста кај општата популација и да се влијае на намалувањето на аерозагадувањето.

Честитките се изработени од трите најдобри цртежи од учениците од основните училишта „Јохан Хајнрих - Песталоци", „Лазо Ангеловски", „Рајко Жинзифов" и „Св. Климент Охридски" на тема „Да ја подигнеме свеста кај јавноста за последиците од аерозагаденоста".

Денеска во Институтот за јавно здравје ќе биде организирана свеченост на која учениците ќе ги потпишуваат честитките и ќе побараат: Чист воздух во Новата година, а ќе одберат и каде да бидат испратени. Ќе им бидат врачени и благодарници за учество во проектот.

## On.net - Втор црвен аларм за Пекинг

On.net 2016 zulu fm sportal klub

Share 1 Tweet

### Втор црвен аларм за Пекинг

**Иако неодамна ги спомнавме дека накратко успеале да го решат проблемот со смогот, денес Пекинг повторно со црвен аларм поради опасните нивоа на загадување.**



На 18-ти декември, Пекинг втор пат доживеа превисока концентрација на ПМ честички во воздухот. Граѓаните, кои што во август и септември имаа ретка можност да ги видат боите на градот, повторно во животна опасност.

Смогот, предизвикан првенствено од огромниот број возила во и околу Пекинг, веќе извесно време е причина за комбинација од заболувања на респираторниот систем и крвотокот кај многу жители на градот. Со граѓанската иницијатива за намалување на користењето на возилата, во август и септември, градот доживеа редок феномен на видливост. За жал, тоа беше краткотрајно решение, а подоцна граѓаните се вратија на старите навики.

Често пати, видливоста во Пекинг изнесува едвај 500 метри, во случај да е ветровито. Од 18-ти декември, до денес, веќе трет ден состојбата во Пекинг е алармантна, а проблемот со издувните гасови, смогот и користењето на јаглен како гориво е уште поголем. 350.000 до милион луѓе годишно умираат во Кина токму поради овој проблем. Предвидувањата велат дека до 2030-та, состојбата ќе остане слична, со надеж дека властите и граѓаните во Кина заеднички ќе се заложат за подобрување на еко-состојбата.